# МОДУЛ 3 – „ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОВИТЕ / ЕТИЧКИ КОДЕКС / СУДИР НА ИНТЕРЕСИ / АНТИКОРУПЦИСКИ МЕРКИ “

# ОРГАНИЗАЦИИ И НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОВИТЕ

Судскиот систем  го чинат судовите а нивната организација, делокруг се утврдени со Законот за судовите.

Во тесна смисла на зборот судскиот систем ги опфаќа само судовите и тоа основните судови, апелационите судови и Врховниот суд на Р.М, како и Управниот суд на РСМ и Вишиот Управен суд на РСМ.

Судовите судат врз основа на Уставот и законите на Р. Македонија и меѓународните договори ратификувани во Собранието на Р. Македонија.

Со Законот за судовите предвидена е задолжителна специјализација во судовите која значи постапување и решавање конкретни спорови во специјализирани оддели како и специјализација на судиите во одделна правна област.

# ЧЛЕН 30

- (1) Основните судови со основна надлежност за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат во прв степен по кривични дела и прекршоци, и тоа:
  - за кривични дела за кои со закон како главна казна е определена казна затвор до пет години, ако за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд,
  - за кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност,
  - за сите видови на прекршоци, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања и
  - за жалби и приговори за постапките за кои се надлежни овие судови.

# ЧЛЕН 30

(2) Основните судови со основна надлежност се надлежни да одлучуваат во прв степен по граѓански спорови, и тоа:

- за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е до 50.000 евра(15..претходно) во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,
- за спорови за утврдување и оспорување на татковство, мајчинство, утврдување на постоење на брак, за поништување на брак и развод на брак,
- за законска издршка,
- за чување и воспитување на деца,
- за смеќавање на владение,
- за доживотна издршка,
- за надоместок на штета која не надминува 50.000 евра во денарска противвредност,
- во постапка за обезбедување и извршување
- за работни односи,
- во спорови од наследно-правни односи,
- во вонпарнични и оставински работи,
- да водат тапии

# ЧЛЕН 31

(1) Основните судови со проширена надлежност покрај надлежноста на првостепен суд со основна надлежност за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат по кривични дела, и тоа :
- за оние за кои со закон е предвидена казна затвор над пет години и за кривични дела и прекршоци извршени од деца (малолетни лица претходно)
- да постапуваат по предмети за трансфер на осудени лица, признавање и извршување на странски судски одлуки,
- по жалби и приговори за постапките за кои се надлежни и
- да решаваат за постапки за меѓународна правна помош утврдена со закон.

# ЧЛЕН 31

(2) Основните судови со проширена надлежност покрај надлежноста утврдена на првостепен суд со основна надлежност за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат по граѓански и трговски спорови, и тоа:

- за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е над 50.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,
- во трговски спорови во кои двете странки се правни лица или државни органи, како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост,
- во постапка за стечај и ликвидација,
- во спорови за утврдување и обезбедување за присилно извршување и
- за спорови на домашни правни и странски лица кои произлегуваат од нивните меѓусебни стопански, односно трговски односи.

# ЧЛЕН 31

(3) Надлежноста од ставовите (1) и (2) на овој член ќе ја вршат судовите и тоа:
Основниот суд во Битола и за подрачјето на Основниот суд во Ресен;
Основниот суд во Прилеп и за подрачјето на Основниот суд во Крушево;
Основниот суд во Охрид за подрачјето на Основниот суд во Охрид;
Основниот суд во Струга за подрачјето на  Основниот суд во Струга;
Основниот суд во Гостивар и за подрачјето на основниот суд во Гостивар;

Основниот суд во Кичево и за подрачјето на основните судови во Кичево и Дебар,
Основниот суд во Тетово за подрачјето на Основниот суд во Тетово;
Основниот суд во Куманово и за подрачјето на основните судови во Крива Паланка и Кратово;
Основниот суд во Кочани и за подрачјето на основните судови во Берово, Виница и Делчево;
Основниот суд во Велес за подрачјето на основниот суд  во Велес

Основниот суд во Гевгелија за подрачјето на основниот суд во Гевгелија,

Основниот суд во Кавадарци и за Неготино;
Основниот суд во Струмица и за подрачјето на Основниот суд во  Радовиш и
Основниот суд во Штип и за подрачјето на Основниот суд во Свети Николе.

# ЧЛЕН 32

(1) Во Основниот кривичен суд Скопје  се формира специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Македонија. Специјализираното судско одделение е надлежно да суди за:

- кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да се стекне со финансиска или друга корист,
- кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на територијата на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава,

- кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став 5, примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359 сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и

- кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супсанции и прекурсори од членот 215 став 2, перење пари и други приноси од казниво дело од значителна вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од поголема вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а, злосторничко здружување од членот 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите.

(2) Основните судови во Битола, Тетово, Штип и Основниот граѓански суд се надлежни за водење на судски регистар за политички партии и тоа Основниот суд во Битола за подрачјето на Апелациониот суд Битола, Основниот суд Тетово за подрачјето на Апелациониот суд Гостивар, Основниот граѓански суд Скопје за подрачјето на Апелациониот суд Скопје и Основниот суд Штип за подрачјето на Апелациониот суд Штип, врз основа на податоците добиени од надлежните судови.

# ЧЛЕН 33

Апелационите судови се надлежни :

1) да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје;

2) да решаваат за судир на надлежност меѓу судовите од прв степен од своето подрачје и

3) да вршат други работи определени со закон.


Ethics

# Клучни зборови

- Етика
- Морал
- Интегритет
- Етички кодекс






# Што е етика?

Етика - ethos

- Етиката е теорија за моралот за неговата важност за облиците на неговиот развој и улога во општествените односи.
- Етиката е поим кој навлегува во сите пори на општествениот живот. Колку повеќе е рзвиена етиката во едно општество, толку повеќе моралот и вредностите во едно општество се поквалитетни.
- Воспитно образовна наука

# Етиката како:




*Теолошка наука*

- **Христијанство:** прави им го на другите тоа што сакаш тебе да ти го прават.
- **Ислам:** Никој од вас не е вистински верник, доколку тоа што го посакува за себе, не го посакува и за својот ближен.
- **Јудаизам:** што е лошо за вас, не го правете на другите, тоа е вечен закон.

*Филозовска наука*

- Аристотел-Никомахова етика

# ГЛАВНИ ЕТИЧКИ ПОИМИ

Соработка-заедничко извршување на работата-делење на на работата, помош при работата

Толеранција- ненасилство,неправење зло ни со зборови ни со дела,поднесување на колегите, почитување

Трпеливост- непротивење на разликите,поднесување на туѓо постоење.

НЕ МОЖЕМЕ да ПРАВИМЕ ГОЛЕМИ НЕШТА,
НО МАЛИТЕ МОЖЕ ДА ГИ ПРАВИМЕ со ГОЛЕМА ЉУБОВ!

- МАЈКА ТЕРЕЗА



# Како да донесеме правилни етички одлуки



За да не се збуниме кога сме во дилема дали правилно постапуваме или не, секогаш треба да размислиме и да се раководиме од следниве правила:

- дали тоа што го правиме и нè прави среќни е правилно? какви ќе бидат последиците од нашето однесување врз другите луѓе?

секогаш да размислуваме за тоа како правилно да постапиме;

дали нашата постапка е искрена, чесна и праведна добронамерна;

дали со нашето однесување нема да повредиме некого

# Погрешни етички заклучоци

Можно е да донесеме погрешни етички заклучоци ако размислуваме на следниов начин:




ако е неопходно, тогаш е етички

ако не се казнува, тогаш е правилно

имав добра лична причина да го направам тоа

го направив тоа за тебе по секоја цена

сите го прават тоа, зошто не и јас

така ми дојде да направам

во ред е ако јас не губам ништо со тоа

*Можеш ли да раскажеш и ти едно твое слично доживување?*

*Морално однесување*



За морален го сметаме оној човек,кој со своето однесување и расудување ги прифаќа моралните вредности и со својот живот и работа создава добрини за себе и за другите луѓе, а во исто време никому не му нанесува зло.

# ИНТЕГРИТЕТ







Интегритет- Integritas

Во превод значи целокупен, потполн, неделив. Интегритетот се дефинира како целосна предаденост на моралните и етички те принципи, цврстината на моралниот карактер, чесност. Личниот пак интегритет е процес кој значи длабоко вкоренети  етичките вредности. Кога говориме за личноста со инегритет говориме за чесна личност.

3 чекори на интегритетот

1. Воочување на разликата помеѓу доброто и злото

2.делување врз основа на таквото воочување

3. јасно нагласување дека добро сме ја разбрале разликата.

# Деловна етика




| | |
|---|---|
| Биди искрен, чесен и одговорен<br>(Прави ги работите исправно дури и кога никој не те гледа) | Биди фер (посебно кон оние кои не се на позиција и немат моќ) |
| Почитувај (биди добра и помагај на колегите внеси радост и дружељубивост во работната атмосфера) | Биди сочуствителен и одговорен<br>(живеј со интегритет) |

# Кодекс за етика на судиите и судиите поротници




Кодексот дава насоки на судиите и судиите поротници и обезбедува структура за регулирање на однесувањето, манифестирана на високо ниво на одговорност и етика, кое се очекува од носителите на судиските функции. Правилата содржани во  Кодексот ги искажуваат стандардите што го одредуваат однесувањето на судиите и судиите поротници.

Овој кодекс е збир на етички начела и правила на однесување на судиите и судиите поротници,

## Основни принципи

**Независност**
Независноста на судството е предуслов за владеењето на правото и претставува основна гаранција за правично судење.
 Според тоа, секој судија и судија поротник треба да ја поддржува и да дава пример за судиската независност, како во однос на индивидуалните, така и во однос на институционалните аспекти.

**Непристрасност**
Непристрасноста е од суштествено значење за соодветно извршување на судиската функција. Судијата/судијата поротник е должен да ја врши судиската функција непристрасно, како при донесувањето на одлуките, така и во водењето на постапките.

**Интегритет**
Интегритетот е атрибут на чесност и праведност. Судијата или судијата поротник секогаш не само во извршувањето на службените должности постапува чесно и на начин што е од корист за соодветното вршење на судиската функција.






**Пристојност**

Пристојноста и соодветното - културно однесување на судијата/судијата поротник се од суштинско значење за вршењето на сите активности на судиската функција.

**Еднаквост**

Обезбедувањето еднаквост во постапката за сите пред судовите е од суштинско значење за соодветното вршење на судиската функција.

**Стручност и Совесност,**

Стручноста и совесноста се предуслови за соодветното извршување на судиската функција.










***СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, КОРУПЦИЈА И ПРЕКРШУВАЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ***





# Судир на интереси



**„судир на интереси"** подразбира судир на јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице, во кој службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз вршењето на неговите јавни овластувања и должности;

# Ризични области на појава на судир на интереси

- Кумулација на функции и остварување корист
- Користење на влијанието за финансиска или друга корист
- Дискрециони овластувања
- Постапување на службеното лице кога има приватен интерес
- Подароци
- Непотизам
- Користење на јавни добра за приватни (лични, политички и други) интереси
- Вработување по престанок на функцијата
- Користење и злоупотреба на информации добиени по службена должност, кои не се достапни на јавноста

# Што е корупција?



# КОРУПЦИЈА

- потекнува од латинскиот збор „corruptio” значи изопаченост, расипаност, кршење, газење (на административни норми, морални норми)

- Терминот „корупција“ значи нелегално, лошо или неправедно однесување - од страна на луѓе, коишто имаат моќ со цел да стекнат финансиски, материјални или нематеријални предности на незаконит начин...

# ДЕФИНИЦИЈА

- Корупција е злоупотреба на доверената моќ за приватни цели;
- Злоупотреба на јавна служба заради лични цели;
- Злоупотреба на позицијата на доверба во работата на органите на управата, правосудството, економијата, политичкиот систем или во неекономски здруженија или организации со цел да се добие за себе или за трети лица, материјална или нематријална предност, на која се нема легитимно право;
- Политикологот Харолд Д. Ласвел ја дефинира корупцијата како уништувачки чин, што му наштетува на јавниот интерес а во полза на лична корист од позиција на моќ;
- Според ЗСК под корупција се подразбира искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг

# КОРУПЦИЈА

- Поведенија што по правило се сметаат за коруптивни или поврзани со корупција:
- Поткуп (активен и пасивен)
- Трговија со влијание – посредување
- Проневера, кражба, измама
- Злоупотреба на службената положба/злоупотреба на дискрецијата
- Изнудување
- Непотизам, кронизам
- Корист од прекумерно влијание на бизнис - self-dealing
- Подароци, погодности, платени патувања, гостопримство (забава)
- Политичка корупција и финансирање на изборни кампањи ............

# ВИДОВИ НА КОРУПЦИЈА

- Висока (Grand) корупција
- Мала (Petty) корупција



# ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Мерки и активности за спречување на корупцијата согласно ЗСК во:

- политиката
- вршењето јавни овластувања
- вршење работи од јавен интерес и други дејности на правните лица

# МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ПОЛИТИКАТА

- забрана за користење на буџетски средства
- забрана за нови инвестиции и вонредни исплати
- забрана за користење на противправни и анонимни извори на финансирање
- поткупување на избирачите
- привилегии или дискриминација по изборите
- влијание при избор, именување или разрешување на раководна места

# МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

- забрана за вршење на други дејности
- ограничувања во соработката со правни лица
- користење на државни заеми
- располагање со државен имот
- економично користење на државни средства
- известување за користење на странска помош
- вршење дејност по престанок на функцијата
- забрана за стекнување на акционерски права
- забрана за влијание за вработување блиски лица
- забрана за примање на подароци
- злоупотреба на службени податоци

# МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

- злоупотреба на јавните набавки
- обврска за пријавување на имот
- пријавување на промени во имотната состојба
- јавност на анкетниот лист
- постапка за испитување на имотната состојба

# МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕ РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС И ДРУГИ ДЕЈНОСТИ НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА

- злоупотреба во вршењето работи од јавен интерес
- заштита на средствата за јавно информирање
- злоупотреба на средствата за јавно информирање
- злоупотреби во финансиското работење

# ДРУГИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

- веб страна за едукација
- антикорупциски публикации
- обука за вработените
- едукативни проекти
- е – learning платформа
- конференции
- Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси

# ДРУГИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

- веб страна за едукација
- антикорупциски публикации
- обука за вработените
- едукативни проекти
- е – learning платформа
- конференции
- Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси

НЕ ЗБОРУВАЈ ДЕКА ТРЕБА ДА СЕ ПРАВИ ДОБРО,




ТУКУ ПРАВИ ГО!

*римски цар-етичар Марко Аврелиј*

АКО МИСЛИШ И ПРАВИШ ДОБРО,
ЌЕ ТИ БИДЕ ДОБРО,

АКО МИСЛИШ И ПРАВИШ ЗЛО,
ЌЕ ТИ БИДЕ ЛОШО!



*Индиска етичка поука*

*ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО*

*Изготвила*

*м-р Лидија Таневска Јадровска*

*Шеф на кабинет- самостоен судски советник*

*Врховен суд на Република Македонија*